Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
SHKOLLA FILLORE KOMUNALE
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ" Ц.О. "MARKO CEPENKOV" Q.F.
Бр. 04-255/1
06.10.2022
Станица Зелениково-Stacioni Zelenikovë

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 и 151/21), член 82 и 85 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019 и 229/20), член 3,член 4, член 9, член 10, член 11 и член 12 од Законот за наставници и стручни соработници во основните училишта(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019),врз основа на Правилникот за работни места бр.01-170/3 од 13.10.2015 година, како и врз основа на Согласностси со бр.12-10894/2 од 22.09.2022 година од Министерството за Образование и наука на РСМ и врз основа на Одлуката донесена од страна на В.Д. Директорот на ООУ„Марко Цепенков"–Зелениково се распишува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

**За вработување на определено работно време –старо финансирање до крајот на учебната 2022/2023 година односно до 31.08.2023 година**

**Во ООУ"Марко Цепенков"-Зелениково на македонски наставен јазик:**

1.**Наставник по англиски јазик -1 извршител со 40 работни часа(23 наставни) неделно со нето плата во износ од 28.408,00 денари.**

УСЛОВИ: Кандидатите за наставен кадар, покрај општите услови утврдени со Закон за работни односи ,кандидатите треба да ги ги исполнуваат и посебните услови предвидени во Законот за основно образование и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година) и условите наведени во Правилникот за систематизација на работните места во ООУ,,Марко Цепенков " Зелениково :

-да е државјанин на РСМ,да е полнолетен,да има општа здравствена способност за работното место,со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност,-да има завршено најмалку четири години соодветно високо образование согласно нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС .Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно припаѓаат на VI A ниво од Македонската рамка на квалификации и соодвестствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни

квалификации,-да има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж, на јавниот оглас за засноваље на работен однос за наставник може да се пријави и лице без положен стручен испит и да заснова работен однос на определено работно време до крајот на учебната година,да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата.

Заинтересираните кандидати да достават: -Пријава во хартиена форма која треба да содржи податоци за кандидатот, податоци за работното место за кои се пријавува , кратка биографија CV со задолжително наведени контакт телефон и адреса, уверение за државјанство на РСМ, доказ за завршено соодветно образование, кандидатите за наставен кадар треба да го познаваат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата, (за што ке се врши проверка од комисија во самото училиште),доказ за положено стручен испит (доколку го имаат). Избраниот кандидат кој за прв пат се вработува во основно училиште е приправник. Работното време за наставниот кадар е од понеделник до петок од 7 и 30 до 15 и 30 часот. Работниците имаат право на дневен,неделен и годишен одмор согласно со ЗРО. Пријавата и потребните документи во оригинал или копија заверена кај нотар, треба да се доставaт **лично** во писмена форма **директно** во архивата на училиштето кое се наоѓа на адреса ООУ,,Марко Цепенков“Зелениково ул.1 бр.6 Зелениково во период од 08 до 13 часот. Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3(три)работни дена од денот на објавувањето на огласот.Изборот ќе се изврши во законски предвидениот рок по истекот на рокот за пријавување по огласот.Информации на тел.02 2717410.Неуредните, некомплетните и ненавремените пријави и документи нема да се разгледуваат.

ООУ Марко Цепенков Зелениково

В.Д. Директор

Љупка Стојановска

Љ.Стојановска